**ЗДРУЖЕНИЕ НА СОЦИОЛОЗИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бул. Гоце Делчев 9А, 1000 Скопје, www.sociolozi.org.mk, mail: contact@sociolozi.org.mk
Комерцијална банка АД-Скопје, број на сметка: 300000001014268.

# П О К А Н А

за учество на семинар **„Современите тенденции во социологијата на граѓанственоста“** наменет за **наставниците – социолози** кои што ги предаваат предметите социологија и граѓанско образование и **социолозите – стручни соработници** во рамките на средното и основното образование во Република Македонија

Почитувани,

Ве известуваме дека на 30. XI 2024 од 13.00 ќе се одржи семинар со наслов **„Современите тенденции во социологијата на граѓанственоста“** наменет за наставниците – социолози кои што ги предаваат предметите социологија (задолжителни и изборни) и граѓанско образование и за социолозите – стручни соработници во рамките на средното и основното образование во Република Македонија. На семинарот наставниците по социологија ќе се запознаат со современите општествени процеси и појави и пристапите на социологијата на граѓанственоста во нивното проучување, а во функција на осовременување на наставните програми, учебниците и наставата по предметите социологија и граѓанско образование во целост. Семинарот ќе се одржи во просториите на Филозофскиот факултет во Скопје (амфитеатар IV). Семинарот ќе го води проф. д-р Ило Трајковски, редовен професор на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ.

Ги покануваме наставниците – социолози и кои што ги предаваат предметите социологија и граѓанско образование, како и социолозите стручни соработници во основното и средното образование да земат активно учество на семинарот. Учеството на семинарот треба да се пријави по електронска пошта на следниве електронски адреси: contact@sociolozi.org.mk и konstantin@fzf.ukim.edu.mk најдоцна до 29 ноември 2024, петок до 12.00. Котизацијата за учество на семинарот изнесува 300 денари за членовите на ЗСМ и 1000 денари за оние што не се членови на ЗСМ.

Учесниците на семинарот за својата активност ќе добијат соодветен сертификат.

Поканата може да се преземе и од веб страницата на Здружението на социолози на Република Македонија www.sociolozi.org.mk .

Претседател на
Здружението на социолози на
Република Македонија

19.XI.2024

Проф. д-р Константин Миноски